Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневните настани 05.05.2024

На 04.05.2024 во 11.50 часот на подрачјето на Бит Пазар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Х.Џ.(42) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.05.2024 полициски службеници од СВР Битола на ул.„Димитар Влахов" во Битола ја привеле М.В.(31) од Битола, бидејќи кај неа била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на настанот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.05.2024 во 19.30 часот на Граничниот премин Меѓународен аеродром Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода И.Н.(42) од Гостивар, затоа што при извршена пасошка контрола и проверка било констатирано дека во оперативната евиденција е со мерка „апси", по барање на ОВР Гостивар. Тој бил предаден на полициски службеници од ОВР Гостивар за понатамошна постапка.

На 04.05.2024 во 15.40 часот на Граничниот премин Деве Баир, полициски службеници го лишиле од слобода М.Ф.(31) од Косово, затоа што при извршена пасошка контрола било констатирано дека приложил фалсификувана косовска возачка дозвола. Тој бил предаден на полициски службеници од ОВР Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 04.05.2024 во 20.20 часот во Полициска станица Кичево било пријавено дека на магистралниот пат Кичево-Охрид, кај место викано „Млин", М.Б.(45) од Кичево, управувајќи велосипед, паднал од коловозот. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Кичево. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Кичево.

На 04.05.2024 во 11.45 часот во Полициска станица Дебар било пријавено дека на регионалниот пат Дебар-Маврово, кај Мелнички мост, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фиат" со дебарски регистарски ознаки, управувано од Н.О.(58) од с.Долно Косоврасти, дебарско и патничко возило „фолксваген тигуан" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од М.Е.(20) од с.Жировница. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Н.О., а со телесни повреди се здобил малолетен сопатник од патничкото возило „фолксваген тигуан", констатирани во Општата болница во Дебар. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Дебар.

На 04.05.2024 во 12.40 часот во Полицискиот одделение Сарај, И.А.(55) од с.Глумово, скопско пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

Денеска (05.05.2024) во 08.40 часот во Полициска станица Драчево, И.Б.(39) од Скопје пријавила дека на ул.„Живко Фирфов" во Скопје била касната од куче скитник.

На 04.05.2024 во 23.50 часот во Штип полициски службеници од СВР Штип го привеле Е.Н.(29) од Штип, поради тоа што се барал по распишана потерница од КПУ Затвор Штип за доиздржување на казна затвор од 7 години. Тој бил спроведен до установата.

На 04.05.2024 во 09.15 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека во Ургентен центар Гостивар бил донесен повреден Н.М. од гостиварско Здуње. Според пријавеното тој се здобил со тешки телесни повреди при вршење на градежни работи во с.Чајле. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против И.Ф.(25) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и против Ф.Д. (24) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 25.01.2023, полициски службеници извршиле преглед над второпријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана, која ја набавил од првопријавениот.

На 04.05.2024 во 19.15 часот полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле О.Ј.(27) од Скопје, поради тоа што околу 18.15 часот на стадионот Чаир за време на одржување на фудбалски натпревар помеѓу ФК Шкупи и ФК Шкендија, од трибина фрлил со предмет кон клупата на гостинска екипа на ФК Шкендија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок од Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

На 04.05.2024 година околу 19.30 часот полициски службеници од СВР Тетово - Полициско одделение Групчин, во тетовско Церово ги лишиле од слобода К.З.(62), Х.А.(33), Р.А.(27) и М.А.(62), сите од Церово. Според пријавеното, по кратка вербална расправија помеѓу К.З. и Х.А. во угостителски објект во селото, К.З. со огнено оружје испукал неколку куршуми, но бил спречен од присутните, а оружјето му било одземено. Повредени лица нема, а приведените се задржани во полициска станица и се работи на расчистување не случајот, по што ќе биде изготвен соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.Д.(28) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 23.06.2023, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

На 04.05.2024 во 14.00 часот во СВР Скопје, 42-годишна жена пријавила дека во домот на подрачјето на скопско таа и нејзиниот малолетен син биле физички нападнати од нејзиниот друг малолетен син, кој оштетил и дел од покуќнината. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.05.2024 во 19.15 часот во СВР Скопје Х.М.(34) од Скопје пријавил дека околу 15.00 часот во менувачница во Старата скопска чаршија бил измамен од двајца странски државјани. Според пријавеното, откако се договориле во менувачницата да сменат пари за 25.000 евра, лицата дошле со чанта со договорената сума на пари во денари, при што еден од нив ја заменил чантата со денари со друга иста чанта, која во долниот дел била полна со хартиени ливчиња. Како што пријавил Х.М., тој им ги дал еврата без да ја провери чантата, а откако заминале сфатил дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.05.2024 во 23.35 часот во СВР Струмица било пријавено дека настанал пожар во Дом за стари лица во село Банско, струмичко, при што била опожарена покривната конструкција на објектот. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од страна на Територијалната противпожарна единица Струмица. Увид на местото ќе врши екипа на СВР Струмица.

Денеска (05.05.2024) во 04.30 часот во Полициска станица Берово, Х.А.(30) од Берово пријавил дека во Берово, по претходна вербална расправија, бил физички нападнат од К.Т.(23) од с.Смојмирово, беровско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.05.2024 во 19.28 часот во СВР Штип, О.Е.(19) пријавил дека во Штип бил физички нападнат од А.М.(26), двајцата од Штип. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.05.2024 во 22.30 часот во Полициското одделение Петровец, А.С.(47) од с.Петровец, скопско, пријавил дека од домот се оддалечила неговата малолетна ќерка С.С.(14). Според пријавеното, тој се сомневал дека се наоѓа кај нејзиното момче М.Х. во населбата Шуто Оризари. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 04.05.2024 година во 16.40 часот во ОВР Кичево, Ш.Х.(56) од кичевското село Туин пријави дека во истото село била касната од куче скитник. Истиот ден, П.Ш.(50) од селото Другово, пријави дека неговата малолетна ќерка на локален пат во селото била касната од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет